„Знам дека си само камен – не нанесуваш штета, ниту носиш корист. И да не го видов Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, како те бакнува, никогаш немаше да те бакнам.“

Од Омер, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека дошол до Црниот камен, го бакнал и рекол: „Знам дека си само камен – не нанесуваш штета, ниту носиш корист. И да не го видов Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, како те бакнува, никогаш немаше да те бакнам.“

[متفق عليه] [صحيح]

Владетелот на правоверните, Омер бин ел-Хатаб, Аллах нека е задоволен со него, дошол до Црниот камен, кој се наоѓа во аголот на Ќаба, го бакнал и рекол: „Знам дека си обичен камен – не нанесуваш штета, ниту носиш корист. И да не го видов Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, како те бакнува, никогаш немаше да те бакнам.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3024